International Agency for Research on Cancer

World Health Organization

# ГЛОБАЛНАТА БИТКА ПРОТИВ РАКОТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ САМО СО ЛЕКУВАЊЕ

## ИТНО СЕ ПОТРЕБНИ ЕФЕКТИВНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ КРИЗАТА СО РАКОТ

Меѓународната агенција за истражување на ракот (IARC), специјализирана агенција за рак на Светската здравствена организација, го издава **World Cancer Report 2014**, како резултат на соработка на повеќе од 250 водечки научници, од над 40 земји во светот, кои опишуваат мултипли аспекти од областа на истражувањето и контролата на ракот.

Врз основа на најновите статистички податоци за трендот на инциденцата и смртноста од рак во светот, овој нов извештај открива како оптовареноста на населението со рак се зголемува со алармантна брзина и ја нагласува потребата од итно спроведување на ефикасни стратегии за превенција, за да се заузда болеста.

"Наспроти очигледниот напредок, овој извештај покажува дека ние не можеме да најдеме излез од проблемот со ракот", вели д-р Christopher Wild, директор на IARC и еден од уредниците на книгата. "Неопходна е поголема посветеност за превенција и рано откривање за да се придонесе кон подобрено лекување и за да се

одговори на алармантниот пораст во оптовареноста на населението со рак, во светот."

**Зголемување на глобалната оптовареност со рак**

Во 2012 година, оптовареноста со рак во светот нарасна на 14 милиони проценети нови случаи годишно, бројка која се очекува да порасне на 22 милиони годишно во текот на следните две декади. Во истиот период, смртните случаи од рак се предвидува да се зголемат од проценетите 8.2 милиони годишно на 13 милиони, годишно. Глобално, во 2012 година најчесто дијагностицирани видови на рак биле ракот на белите дробови (1,8 милиони случаи, 13,0% од вкупниот број), ракот на дојката (1,7 милиони, 11.9%) и ракот на дебелото црево (1,4 милиони, 9,7%). Најчестите причини за смртност од рак биле ракот на белите дробови (1,6 милиони, 19,4% од вкупниот број), црниот дроб (0,8 милиони, 9,1%) и желудникот (0,7 милиони, 8,8%).

**Разлики кај ракот**

Земјите во развој се несразмерно засегнати од зголемување на бројот на случаи со рак како резултат на порастот и стареењето на населението. Повеќе од 60% од вкупниот број случаи во светот се случуваат во Африка, Азија и Централна и Јужна Америка. Овие региони бројат околу 70% од смртните случаи од рак во светот, состојба која е влошена заради недостаток од рано откривање и пристап за лекување.

**Случаи на смртност кои може да се спречат**

Пристапот до ефективно и финансиски достапно лекување во земјите во развој, дури и во услови каде здравствените услуги се

помалку развиени, значително ќе ја намали смртноста, вклучувајќи ја и онаа предизвикана од рак кај децата.

Растечките трошоци кои произлегуваат од оптовареноста со рак им нанесуваат штета и на економиите на најбогатите земји, а се над можностите на земјите во развој. Проценето е дека во 2010 година вкупниот годишен економски трошок од рак достигнал околу 1.16 трилиони US$. Близу половина од сите случаи на рак би можело да се спречат ако современото знаење соодветно се примени.

"Зголемувањето на бројот на болни од рак во светот е значајна пречка за развој на човештвото и за негова благосостојба. Новите податоци и проекции испраќаат силен сигнал дека е потребна итна акција за да се соочиме со оваа човечка катастрофа, која ја допира секоја заедница во светот, без исклучок," нагласува д-р Wild.

**Ефективни кампањи за вакцинација и промоција на здравјето**

Многу земји во развој продолжуваат да бидат несразмерно погодени од двојниот товар од рак во голема мера поврзан со инфекција (вклучувајќи го и оној на грлото на матката, црниот дроб и желудникот) и од растечката инциденца на рак (како што е оној на белите дробови, дојката и дебелото црево) поврзани со индустријализираниот начин на живеење.

Спроведувањето на ефективна вакцинација против хепатит Б вирусот и хуманиот папилома вирус може значително да го намали ракот на црниот дроб и на грлото на матката, соодветно. Спречувањето на раширеноста на пушењето во земјите со низок и среден приход е од суштинско значење за контрола на ракот. Исто така, во земјите со брза индустријализација, треба да им се даде

приоритет на мерките за промоција на физичката активност и одбегнување на дебелината во однос на ракот на дебелото црево и дојката.

**Рано откривање, дијагностицирање и лекување**

Пристапите за рано откривање и скрининг со стара технологија ја имаат докажано својата ефикасност во земјите во развој. Најдобар пример е скринингот на грлото на матката со користење на визуелна инспекција со оцетна киселина и примена на криотерапија или третман со ладна коагулација за преканцерозните лезии. Овој вид на програма на "преглед-и-лекување" е успешно имплементиран, на пример, во Индија и Коста Рика.

"Владите мора да покажат политичка посветеност прогресивно да го зголемуваат спроведувањето на висококвалитетни скрининг програми и програми за рано откривање на ракот, кои се повеќе инвестиција отколку трошок", вели д-р Bernard W. Stewart, еден од уредниците на "World Cancer Report 2014".

**Соодветна легислатива за да се намали изложеноста и ризичното однесување**

Наученото од мерките за контрола на ракот во земјите со висок приход покажува дека превенцијата делува, но дека здравствената промоција сама по себе е недоволна. Соодветна законска регулатива игра важна улога за намалување на изложеност на ризици и ризично однесување.

На пример, првиот меѓународен договор спонзориран од СЗО, *Рамковната конвенција за контрола на тутунот*, е одлучувачки за

намалување на потрошувачката на тутун преку даноците, ограничувањата за рекламирање и други прописи и мерки за контрола и обесхрабрување во користењето на тутунот.

Слични пристапи е потребно да се евалуираат и во други области, особено во врска со консумирање на алкохол и пијалоци засладени со шеќер, како и во областа за ограничување на изложеност на професионални и еколошки канцерогени ризици, вклучувајќи ја загаденоста на воздухот.

"Соодветна легислатива може да го охрабри поздравото однесување. Таа има и призната улога во заштитата на луѓето од опасностите на работното место и од еколошките загадувачи," нагласува д-р Stewart. "Во земјите со низок и среден приход, одлучувачки е владите да решат да ги спроведуваат регулаторните мерки за да го заштитат своето население и да ги имплементираат плановите за превенција од рак".

Stewart BW, Wild CP, editors (2014). *World Cancer Report 2014*. Lyon, France: International Agency for Research on Cancer.

Материјалот е преземен од WHO, IARC
Lyon/London, 3 February 2014-02-2014

Подготвил:

---

асс. м-р д-р Валентина Симоновска
прим. д-р сци. Весна Спирова